# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Ноември / Nëntor 2022



ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

На десеттата седница, одржана во првата половина на ноември, Управниот одбор на ЗЕЛС донесе заклучок за отпочнување иницијатива до Уставниот суд за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за преземање мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, што Владата на РСМ ја донесе на 30 октомври 2022 година. Исто така, беше донесен и заклучок ЗЕЛС да достави и барање до Управниот суд, за донесување на времена мерка, со која се бара одложување на извршувањето на оваа Одлука. На седницата беше потенцирано дека Владата уште еднаш потврди дека во континуитет се однесува опструктивно кон општините во напорите што тие ги преземаат за справување со енергетската криза и изнаоѓање на решенија во интерес на сите граѓани. Со Одлуката, всушност, на единиците на локалната самоуправа им се забранува да основаат јавно претпријатие, друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво за вршење дејност од јавен интерес – јавно осветлување, а оние што веќе основале вакви претпријатија се задолжуваат во рок од осум дена од влегувањето во сила на Одлуката, да спроведат соодветни активности за престанување на важење на актите со кои ги основале ваквите претпријатија.

Во текот на ноември, ЗЕЛС презеде и низа други активности. ЗЕЛС, во Скопје, го организираше дваесеттиот состанок на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија (ЗКК) И на претходниот и на овој состанок, ЗЕЛС ја нагласи иницијативата „Децентрализацијата и реформите во системот на локалната самоуправа“ да се додаде како нов, посебен кластер во оценувањето на напредокот на нашата земја за влез во Европската Унија. Освен стандардно утврдената тема за напредокот на нашата земја за членство во Европската Унија, на овој состанок се дискутираше и за енергетската криза во Европа и за тоа што можат и што треба да прават македонските општини за да се надмине оваа состојба.

За јакнење на капацитетите на општинската администрација, овој месец, во ЗЕЛС тренинг центарот беа одржани и повеќе обуки. Од областа на социјалната заштита се говореше за превенцијата и заштитата на жртвите на родово базирано и семејно насилство на локално ниво, а во областа на заштитата на животната средина беа презентирани новите закони кои водат кон исполнување на европските стандарди и воспоставување на циркуларна економија, но и за воспоставувањето на регионалниот систем на управување со отпад.

Во овој број на Гласилото на ЗЕЛС, подетално ќе се запознаете и со проектите „Кон енергетски општини“ и „Паметно мерење и управување со енергијата во системот за јавно осветлување“ на општините Вевчани и Кочани. Тоа се двата проекта што се избрани за техничка и финансиска поддршка на конкурсот „Спроведување мали проекти во областа на енергијата, транспортот и заштита на климата во општините“, објавен во рамките на проектот на ЕУ за енергетска транзиција: Пакт на градоначалници во Западен Балкан и Турција.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор

Të nderuar,

Në seancën e dhjetë, të mbajtur në gjysmën e parë të muajit nëntor, Bordi drejtues i BNJVL-së morri vendim për ngritjen e iniciativës para Gjykatës kushtetuese për vlerësimin e kushtetutshmërisë dhe ligjshmërisë së Vendimit për ndërmarrjen e masave në kushte zë ekzistimit të gjendjes së krizës në furnizimin me energji elektrike, që Qeveria e RMV e miratoi më 30 tetor 2022. Gjithashtu u miratua edhe konkluzioni i BNJVL-së të parashtrojë edhe kërkesë në Gjykatën administrative, për miratimin e masës kohore, me të cilën kërkohet anulimi i ekzekutimit të këtij Vendimi. Në seancë u potencua se Qeveria edhe një herë përcaktoi se në vazhdimësi vepron në mënyrë obstruktive ndaj komunave në përpjekjet që bëjnë për të përballuar krizën energjetike dhe për të gjetur zgjidhje në interes të të gjithë qytetarëve. Me Vendimin në fjalë, në të vërtetë u ndalohet njësive të vetëqeverisjes lokale të themelojnë ndërmarrje publike, shoqëri me përgjegjësi të kufizuar ose shoqëri aksionare për kryerjen e veprimtarisë me interes publik – ndriçim rrugor, ndërsa ato të cilat tashmë kanë themeluar ndërmarrje të këtilla obligohen që në afat prej tetë ditësh nga hyrja në fuqi e vendimit të zbatojnë aktivitete adekuate për ndalesën e vlefshmërisë së akteve me të cilat janë themeluar ndërmarrjet e këtilla.

Gjatë muajit nëntor, BNJVL ndërmorri një varg aktivitetesh. Në Shkup BNJVL organizoi mbledhjen e njëzetë të Komitetit të përbashkët konsultativ midis Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Komitetit të rajoneve të Bashkimit Evropian (KPK). Edhe në mbledhjen e kaluar, si edhe në këtë mbledhje BNJVL theksoi iniciativën „Decentralizimi dhe reformat në sistemin e vetëqeverisjes lokale", të shtohet si klaster i ri e i veçantë në vlerësimin e avancimit të vendit tonë për aderim në Bashkimin Evropian. Përveç temës standarde të përcaktuar lidhur me avancimin e vendit tonë për anëtarësim në Bashkimin Evropian, në këtë mbledhje u diskutua edhe për krizën energjetike në Evropë dhe për atë që komunat e Maqedonisë së Veriut mund dhe duhet të bëjnë lidhur me tejkalimin e kësaj gjendjeje.

Lidhur me përforcimin e kapaciteteve të administratës komunale, këtë muaj në Qendrën e trajnimeve të BNJVL-së u mbajtën trajnime të ndryshme. Nga lëmia e mbrojtjes sociale u fol për parandalimin dhe mbrojtjen e viktimave nga dhuna me bazë gjinore dhe dhuna në familje në nivel lokal, ndërsa në lëminë e mbrojtjes së mjedisit jetësor u prezantuan ligjet e reja të cilat çojnë drejt plotësimit të standardeve evropiane dhe themelimin e ekonomisë cirkulare, por edhe për themelimin e sistemit rajonal për menaxhim me mbeturinat.

Në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së më detajisht do të informoheni edhe me projektet „Drejt komunave energjetike" dhe „Matja e zgjuar dhe avancimi i energjisë në sistemin e ndriçimit rrugor" të komunës së Vevçanit dhe komunës së Koçanit. Këto janë dy projektet që u zgjodhën për përkrahje teknike dhe financiare të konkursit „Zbatim i projekteve të vogla në lëminë e energjisë, transportit dhe mbrojtjen nga klima në komuna", të shpallur në kuadër të projektit të BE-së për tranzicion energjetik: Pakti i kryetarëve të komunave në Ballkanin Perëndimor dhe Turqi.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## ЗЕЛС ЌЕ ПОКРЕНЕ ИНИЦИЈАТИВА ДО УСТАВНИОТ СУД ЗА ВЛАДИНАТА ОДЛУКА СО КОЈА ИМ СЕ ЗАБРАНУВА НА ОПШТИНИТЕ ДА ФОРМИРААТ СОПСТВЕНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА МЕНАЏИРАЊЕ СО ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

ЗЕЛС, во името на сите општини, ќе достави иницијатива до Уставниот суд за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење на кризна состојба во снабдување со електрична енергија, што Владата на РСМ ја донесе на 30 октомври, 2022 година. Истовремено, ЗЕЛС ќе достави и барање до Управниот суд, за донесување на времена мерка, со која ќе се бара одложување на извршувањето на Одлуката.

Ова е главниот заклучок што Управниот одбор на ЗЕЛС ги донесе на десеттата седница што се одржа на 10 ноември, 2022 година во административната зграда на ЗЕЛС, каде единствена точка на дневен ред беше отворена дискусија за оваа владина одлука со која им се забрани на општините и на градот Скопје да основаат јавно претпријатие, друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво за вршење дејност од јавен интерес – јавно осветлување, а оние кои веќе основале вакви претпријатија се задолжуваат во рок од осум дена од влегувањето во сила на одлуката да спроведат соодветни активности за престанување на важење на актите со кои ги основале вакивте претпријатија.

Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС остро реагираа на ваквиот акт кој е во спротивност со нормативите за локална самоуправа, како и со одредени закони. При тоа тие посочија дека оваа Одлука претставува уште една, дополнителна потврда за опструктивниот однсот што Владата во континуитет го покажува кон општините во напорите што тие ги прават за справување со енергетската криза и изнаоѓање на решенија во интерес на сите граѓани.

### Нарушен угледот на општините пред граѓаните

Иако ЗЕЛС, уште на почетокот на оваа година упати предлог решенија до Владата за ублажување на последиците од енормното зголемување на цената на струјата, досега не пристигна никаква поддршка, но затоа во медиумите беа пласирани низа невистини од владини функционери со кои се дезинформира јавноста за постапките што во оваа насока ги преземаат општините. Затоа присутните упатија остар демант за нарушувањето на угледот на општините што го предизвикува централната власт со пласирање на низа невистини, особено во изјавите дека општините



## BNJVL DO TË NGREJË INICIATIVË TEK GJYKATA KUSHTETUESE LIDHUR ME VENDIMIN E QEVERISË ME TË CILIN KOMUNAVE U NDALOHET TË FORMOJNË NDËRMARRJET E TYRE PËR MENAXHIM ME NDRIÇIMIN RRUGOR

BNJVL, në emër të të gjitha komunave, do të parashtrojë iniciativë tek Gjykata kushtetuese lidhur me vlerësimin e kushtetutshmërisë dhe ligjshmërisë së Vendimit për ndërmarrjen e masave të ekzistimit të gjendjes së krizës në furnizimin e energjisë elektrike, që Qeveria e RMV e miratoi më 30 tetor 2022. Njëkohësisht BNJVL do të dërgojë kërkesë te Gjykata kushtetuese lidhur me miratimin në kohë të masës, me të cilën kërkohet anulimi i kryerjes të Vendimit.

Ky është konkluzioni i Bordit drejtues të BNJVL-së i miratoi në seancën e dhjetë të që u mbajt më 10 nëntor 2022 në ndërtesën administrative të BNJVL-së, ku pika e vetme e rendit të ditës ishte diskutim i hapur për vendimin qeveritar me të cilin u ndalohet komunave dhe Qytetit të Shkupit të themelojnë ndërmarrje publike, shoqëri me përgjegjësi të kufizuar pse shoqëri aksionare për kryerjen e veprimtarisë me interes publik – ndriçim rrugor, ndërsa ato të cilat tashmë kanë themeluar ndërmarrje të këtilla obligohen që në afat prej tetë ditësh nga hyrja në fuqi e vendimit të zbatojnë aktivitete për të ndalë vlefshmërinë e akteve me të cilat janë themeluar ndërmarrjet e këtilla.

Anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së reaguan ashpër ndaj këtij akti, i cili është në kundërshtim me normat për vetëqeverisje lokale, si dhe me ligje të caktuara. Në të njëjtën kohë, ata theksuan se ky Vendim paraqet edhe një konfirmim shtesë të qëndrimit pengues që Qeveria në vazhdimësi tregon ndaj komunave në përpjekjet e tyre për përballimin e krizës energjetike dhe gjetjen e zgjidhjeve në interes të të gjithë qytetarëve.

### Dëmtohet reputacioni i komunave para qytetarëve

Ndonëse BNJVL, në fillim të këtij viti, i dërgoi Qeverisë propozim për zgjidhje për zbutjen e pasojave nga rritja enorme e çmimit të rrymës, deri më tani nuk ka arritur asnjë mbështetje, por për këtë arsye qeveria ka një sërë lajme të pavërteta nga funksionarët qeveritar janë publikuar në media me të cilat opinioni keqinformohet mbi procedurat që ndërmarrin komunat në këtë drejtim. Ndaj të pranishmit kanë mohuar ashpër dëmtimin e reputacionit të komunave nga pushteti qendror duke publikuar një sërë lajme të pavërteta, sidomos në deklaratat se komunat janë fajtore





се главните виновници за покачувањето на цената на електричната енергија бидејќи формирале сопствени јавни претпријатија за менаџирање со јавното осветлување, со цел намалување на трошоците за електрична енергија и обезбедување на континуирана услуга за граѓаните за јавно осветлување. Дека станува збор за невистини говорат и податоците што ги собираше ЗЕЛС од општините, кои покажуваат дека, од месец јуни па до сега, само осум општини формирале вакви јавни претпријатија, што е незначително за вкупната потрошувачка на електрична енергија што се добива од регулираниот пазар. Има и општини, кои по сила на закон влегуваат во квотата на мали потрошувачи, па вистината е дека помалку од 30 % од општините се снабдуваат на регулиран пазар, а над 70% од општините се снабдуваат со електрична енергија на отворен пазар и се доведени во состојба на речиси целосен колапс бидејќи целиот буџет или најмалку половината од средствата од буџетот ги трошат само за сметките за електрична енергија. Дополнителна потврда се и податоците од минатата година кои покажуваат дека сите општини заедно потрошиле вкупно 95 GKwh, а оваа година веќе е утврдено намалување на потрошувачката од општините за 30% во однос на минатата година.

### Предлогот на ЗЕЛС за пресметување на висината на комуналната такса за уличното осветлување, повторно испратен до Владата

Членовите на УО на оваа седница донесоа уште еден заклучок, повторно до Владата и до другите надлежни институции да се испрати Предлогот на ЗЕЛС за пресметување на висината на комуналната такса за уличното осветлување, утврден уште на почетокот на месец јули,

kryesore për rritjen e çmimit të energjisë elektrike sepse ato themeluan kompanitë e tyre publike për menaxhimin e ndriçimit publik, me qëllim zvogëlimin e shpenzimeve të energjisë elektrike dhe ofrimin e shërbimit të vazhdueshëm për qytetarët për ndriçimin publik. Të dhënat e mbledhura nga BNJVL nga komunat, të cilat tregojnë se nga qershori e deri më tani, vetëm tetë komuna kanë themeluar ndërmarrje të tilla publike, e cila është e parëndësishme për konsumin e përgjithshëm të energjisë elektrike të siguruar nga tregu i rregulluar, po ashtu tregojnë se bëhet fjalë për të pavërteta. Ka edhe komuna, të cilat me ligj janë përfshirë në kuotën e konsumatorëve të vegjël, kështu që e vërteta është se më pak se 30% e komunave furnizohen në tregun e rregulluar dhe mbi 70% e komunave furnizohen me energji elektrike në tregun e hapur dhe janë sjellë në një gjendje thuajse kolapsi të plotë sepse shpenzojnë pothuajse të gjithë buxhetin ose të paktën gjysmën e mjeteve nga buxheti vetëm për faturat e energjisë elektrike. Vërtetim plotësues janë edhe të dhënat nga viti i kaluar të cilat tregojnë se të gjitha komunat së bashku kanë konsumuar gjithsej 95 GKwh, ndërsa këtë vit tashmë është vërtetuar zvogëlimi i konsumit të komunave për 30% në raport me vitin e kaluar.

### Propozimi i BNJVL-së për kalkulimin e lartësisë së taksës komunale për ndriçim rrugor, u dërgua sërish në Qeveri

Anëtarët e BD, në këtë seancë, miratuan konkluzion që sërish në Qeveri dhe në institucionet tjera kompetente, të dërgojë Propozim të BNJVL-së për kalkulimin e lartësisë së taksës komunale të përcaktuar që në fillim të korrikut të këtij viti. Në propozimin në fjalë është përcaktuar






оваа година. Во овој предлог е утврден ставот на локалните самоуправи, комуналната такса за улично осветлување да се пресметува по просечната (средна) цена од ниската и од високата тарифа за KW/h струја за мали потрошувачи, плус трошоци за мрежната тарифа (ЛВ.1.1) донесени од страна на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги. Во изминатите четири месеци ( од 1 јули, 2022 година) општините го плаќаат уличното осветлување по цена како пред покачувањето на електричната енергија (пониска цена) од причина што во одлука за тарифните системи за цени на електрична енергија, донесена кон крајот на месец јуни,2022 година од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги, не е пропишана категорија на потрошувачка „јавно осветлување", ниту е утврдена цената за јавното осветлување, како што тоа било утврдено со претходните прописи и одлуки. Во таа насока ЕВН со писмен допис извести дека до усогласување на законските и подзаконските акти кои ја уредуваат наплатата на комуналната такса за улично осветлување, наплатата ќе продолжи да ја врши по цените што биле во сила пред поскапувањето на електричната енергија, односно што важеле до 30 јуни, 2022 година. А сето тоа е на огромна штета на општините, кои неправедно се обвинуваат, бидејќи институциите на централната власт се огласуваат за ненадлежни и не сакаат да ги коригираат сопствените пропусти.

Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС на оваа седница донесоа одлука за дневниот ред и датумот на одржување на третата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС.

qëndrimi i vetëqeverisjeve lokale, që taksa komunale për ndriçim rrugor të kalkulohet mbi çmimin mesatar të tarifës së ulët dhe të lartë për energji elektrike KW/h për konsumatorët e vegjël, plus shpenzimet e tarifës rrjetore (LV1.1) të miratuara nga ana e Komisionit rregullator për energjetikë dhe shërbime të ujit. Në katër muajt e kaluar (nga 1 korriku 2022) komunat paguajnë ndriçim rrugor me çmim si para shtrenjtimit të energjisë elektrike (çmimi më i ulët) për arsye se në vendimin e sistemeve tarifore për çmim të energjisë elektrike, të miratuar nga fundi i muajit qershor, nga Komisioni rregullues për energjetikë dhe shërbime të ujit, nuk është përcaktuar kategoria e konsumit „ndriçim publik", e nuk përcaktuar as çmimi i ndriçimit rrugor, siç është përcaktuar e njëjta në dispozitat dhe vendimet e paraprake. Në këtë drejtim EVN me shkresë të dërguar i informoi se në harmonizimin e ligjeve dhe akteve ndërligjore të cilat rregullojnë arkëtimin e taksave komunale për ndriçim rrugor, arkëtimin do të vazhdojë t'a kryejë sipas çmimeve që kanë në fuqi para shtrenjtimit të energjisë elektrike, respektivisht që kanë qenë valide deri më 30 qershor 2022. E tërë kjo është në dëm të madh të komunave, të cilat fajësohen padrejtësisht, sepse institucionet e pushtetit qendror deklarohen si jokompetente dhe nuk duan të korrigjojnë gabimet e tyre.

Anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së në këtë seancë miratuan vendim për rendin e ditës dhe datën e realizimit të seancës së tretë të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së.

## „ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ НА РОДОВО - БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО НА ЛОКАЛНО НИВО"

„Превенција и заштита на жртвите на родово -базирано и семејно насилство на локално ниво" беше темата на обуката што ја организираше ЗЕЛС во соработка со Министерството за труд и социјална политика, а во рамките на одбележувањето на светската кампањата „16 дена активизам против родово базираното насилство". Обуката се одржа на 15 ноември, 2022 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот. Поканетите претставници од општините (координатори за еднакви можности и одговорните лица за социјални заштита) дискутираа за обврските и вклученоста на единиците на локална самоуправа во овие активности во согласност со имплементацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција); Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.1.2021 година) и Законот за социјална заштита.

Според Годишниот извештај на МВР за 2021 година, вообичаено жртви на семејно насилство се жени -77 %, а во однос на роднинската врска со сторителите во 38,5% како жртви на семејно насилство се јавува сопругата. Понатаму при 18 % од кривичните дела жртви се родителите и во 10, 5% жртви се децата. Во 2021 година се бележи зголемување на бројот на кривичните дела при семејно насилство, односно регистрирани се 1.056 кривични дела од оваа област.

## „PARANDALIMI DHE MBROJTJA E VIKTIMAVE TË DHUNËS GJINORE DHE DHUNËS NË FAMILJE NË NIVEL LOKAL"

„Parandalimi dhe mbrojtja e viktimave të dhunës gjinore dhe dhunës në familje në nivel lokal" ishte temë e trajnimit që e organizoi BNJVL në bashkëpunim me Ministrinë për punë dhe politikë sociale, ndërsa në kuadër të shënimit të fushatës botërore „16 ditë aktivizëm kundër dhunës gjinore". Trajnimi u mbajt më 15 nëntor 2022 në hapësirat e Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së. Përfaqësuesit e ftuar të komunave (koordinatorët për mundësi të barabarta dhe personat përgjegjës për mbrojtje sociale) diskutuan mbi obligimet dhe përfshirjen e njësive të vetëqeverisjes lokale në këto aktivitete konform implementimit të Konventës së Këshillit të Evropës për parandalimin dhe luftën kundër dhunës mbi femrat dhe dhunës në familje (Konventa e Stambollit); Ligji për parandalimi dhe mbrojtje të nga dhuna ndaj femrave dhe dhuna në familje (Gazeta zyrtare e RMV, nr. 24 nga 29.1.2021) dhe Ligji për mbrojtje sociale.

Sipas Raportit vjetor të MPB për vitin 2021, viktimat e dhunës në familje zakonisht janë femrat -77 %, ndërsa në raport me lidhjet familjare me kryesin e veprës në 38,5% si viktima të dhunës në familje paraqitet bashkëshortja. Mëtej, gjatë 18% të veprave penale viktima janë prindërit dhe në 10, 5% viktima janë fëmijët. Në vitin 2021 shënohet rritje e numrit të veprave penale për dhunë në familje, respektivisht janë regjistruar 1.056 vepra penale nga kjo lëmi.



### Истанбулската конвенција експлицитно наметнува обврски на локалните власти во делот на воспоставување на координирани политики, превенција и заштита

Истанбулска конвенција е ратификувана од нашата земја на 23 март 2018, а стапи на сила на 01 јули 2018 година. Оваа Конвенција експлицитно наметнува обврски на локалните власти во три столба: координирани политики, превенција и заштита. Според Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство единиците на локалната самоуправа се обврзани да креираат локални политики и програми за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејното насилство; да воспоставуваат услуги за заштита и поддршка на жртвите, меѓу кои и засолништа и советувалишта за жртвите ; да спроведуваат почетна и континуирана едукација за вработените за извршување на овие надлежности; да воспостават меѓусебна и координирана соработка на локално ниво помеѓу центрите за социјална работа, полициски станици, здравствени установи, предучилишни и образовни установи; да соработуваат со здруженијата, фондациите и други организации во промоција, превенција и заштита од родово-базирано насилство на жените и семејното насилство. Претставничката од Министерството за труд и социјална политика, Софија Спасовска, посочи дека не треба и не е во можност секоја општина да воспостави одредени социјални услуги, меѓу кои се и оние што се наменети за овој вид на жртви, но нагласи дека е потребно нивно воспоставување на регионално ниво. Затоа е потребна взаемна координација на општините од секој плански регион и координација на сите релевантни чинители во рамките на секоја единица на локална самоуправа.

### Konventa e Stambollit në mënyrë eksplicite vendos obligimet e pushteteve lokale në pjesën e themelimit të politikave të koordinuara, parandalim dhe mbrojtje

Konventa e Stambollit ratifikohet nga vendi jonë më 23 mars, 2018, ndërsa hyn në fuqi më 1 korrik 2018. Konventa në fjalë në mënyrë eksplicite i vendos obligimet e pushteteve lokale në tri shtylla: politikat e koordinuara, parandalimi dhe mbrojtja. Sipas Ligjit për parandalim dhe mbrojtje nga dhuna ndaj femrave dhe dhuna në familje, njësitë e vetëqeverisjes lokale janë të obliguara të krijojnë politika lokale dhe programe për mbrojtjen e femrave viktima të dhunës gjinore dhe viktimat e dhunës në familje; të vendosin shërbime për mbrojtjen dhe përkrahjen e viktimave, midis të cilëve edhe strehimore dhe qendrat e këshillimit për viktimat; të kryejë edukimin fillestar dhe të vazhdueshëm të punonjësve për kryerjen e këtyre përgjegjësive; të vendosë bashkëpunim të ndërsjellë dhe të koordinuar në nivel lokal ndërmjet qendrave të punës sociale, stacioneve policore, objekteve shëndetësore, objekteve parashkollore dhe arsimore; të bashkëpunojë me shoqata, fondacione dhe organizata të tjera në promovimin, parandalimin dhe mbrojtjen nga dhuna me bazë gjinore ndaj femrave dhe dhuna në familje. Përfaqësuesja nga Ministria për punës dhe politikë sociale, Sofija Spasovska, theksoi se nuk është e nevojshme dhe nuk është e mundur që çdo komunë të krijojë shërbime të caktuara sociale, duke përfshirë edhe ato të dedikuara për këtë lloj të viktimave, por theksoi se themelimi i tyre është i domosdoshëm në nivel rajonal. Prandaj është i nevojshëm koordinimi i ndërsjellë i komunave nga secili rajon planifikues dhe koordinimi i të gjitha palëve relevante të interesit brenda secilës njësi të vetëqeverisjes lokale.





**Општината има важна улога во собирањето на статистичките податоци за социјалните состојби.**

За да се креираат политиките во оваа област потребно е општината да располага со точни податоци, па во таа насока на обуката беше потенцирана улогата на општината во собирањето на статистички податоци за состојбата со родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство, но и други податоци од областа на социјалната заштита. Во оваа насока, општината треба да соработува со членовите на општинските совети за социјална заштита, особено со претставниците на полицијата и центрите за социјална работа од кои треба да добива статистички податоци во редовни интервали. Дополнително, со цел да добијат сознанија за потребите на жртвите, како и за ставовите во однос на насилството, локалните власти може да спроведуваат соодветни истражувања/мапирања на локално ниво, при што методологијата за истражувањата во домен на насилство врз жени и семејно насилство се изработува од искусни и обучени истражувачи.

**Бројни примери од општините за воспоставување на социјални услуги**

Дел од присутните претставници од општините изнесоа и одредени добри практики во својата општина во однос на градењето на политики и креирање на услуги, не само за жените -жртви на семејно насилство, туку и за останати, социјални услуги за своите граѓани. Од Општина Струмица беше посочено воспоставувањето на „шелтер центар за жртви од семејно насилство" за кој општината обезбедила соодветен простор и секоја година од буџетот одвојува по еден милион денари, а активностите ги реализира во соработка со невладина организација „Скај плус". Општината има отворено и Советувалиште за жените -жртви на семејно насилство, а планирано е воспоставување на услугата- „отворена куќа". Од Општина Битола информираа дека општината во соработка со граѓанско здружение во моментов воспоставува советувалиште за помош и поддршка на жртви на родово-базирано и семејно насилство како регионален сервис. Успешна приказна беше посочена и за Општина Арачиново, која прва воспоставила дневен центар за деца со посебни потреби, а ваков центар има отворено и Општина Врапчиште. Слични добри практики имаат и голем број други општини кои со сопствени средства воспоставиле една или повеќе социјални услуги за своите граѓани.

**Воспоставување на социјални услуги**

Претставничката од МТСП посочи и на важноста за задолжително воспоставување на Совет за социјална заштита во секоја општина, потоа на изработката на Социјален план што овој Совет треба да го изработи, но и одговорноста која ова тело треба да ја има кон

**Komuna ka rol të rëndësishëm në mbledhjen e të dhënave statistikore për gjendjet sociale**

Për të krijuar politika në këtë lëmi është e nevojshme që komuna të ketë të dhëna të sakta, andaj në këtë drejtim trajnimi theksoi rolin e komunës në mbledhjen e të dhënave statistikore për situatën me dhunën me bazë gjinore ndaj femrave dhe dhunën në familje, si dhe të dhëna të tjera nga fusha e mbrojtjes sociale. Në këtë drejtim, komuna duhet të bashkëpunojë me anëtarët e këshillave komunale për mbrojtje sociale, veçanërisht me përfaqësuesit e policisë dhe qendrave për punë sociale nga të cilat duhet të marrë të dhëna statistikore në intervale të rregullta. Gjithashtu, me qëllim të marrjes së njohurive për nevojat e viktimave, si dhe për qëndrimet në lidhje me dhunën, pushtetet lokale mund të kryejnë hulumtime/hartografi të duhura në nivel lokal, me ç'rast metodologjia për hulumtime në fushën e dhunës ndaj femrave dhe dhunës në familje po zhvillohet nga studiues me përvojë dhe të trajnuar.

**Shembuj të shumtë nga komunat për themelimin e shërbimeve sociale**

Disa nga përfaqësuesit e pranishëm nga komunat prezantuan disa praktika të mira në komunën e tyre në drejtim të ndërtimit të politikave dhe krijimit të shërbimeve, jo vetëm për femrat viktima të dhunës në familje, por edhe për shërbimet tjera sociale për qytetarët e tyre. Komuna e Strumicës theksoi themelimin e „Qendrës strehimore për viktimat e dhunës në familje", për të cilën komuna ka siguruar hapësirë adekuate dhe çdo vit ndan nga buxheti një milion denarë, ndërsa aktivitetet zhvillohen në bashkëpunim me organizatën joqeveritare "Sky Plus". Komuna ka hapur edhe qendrën e këshillimit për femrat – viktima të dhunës në familje, ndërsa është planifikuar ngritja e shërbimit – „shtëpi e hapur". Komuna e Manastirit njoftoi se komuna në bashkëpunim me një shoqatë civile aktualisht është duke themeluar një qendër këshilluese për ndihmë dhe përkrahje të viktimave të dhunës gjinore dhe dhunës në familje si shërbim rajonal. Një histori suksesi është theksuar edhe për Komunën e Haraçinës, e cila ishte e para që themeloi qendrën ditore për fëmijët me nevoja të veçanta dhe një qendër të tillë e ka hapur edhe Komuna e Vrapçishtit. Praktika tjera të mira që janë të ngjashme kanë edhe komuna të cilat me mjetet personale kanë themeluar një ose më shumë shërbime për qytetarët e tyre.

**Themelimi i shërbimeve sociale**

Përfaqësuesja e MPPS përmendi edhe rëndësinë e themelimit të detyrueshëm të Këshillit për mbrojtje sociale në çdo komunë, pastaj përpilimin e një Planit social që duhet të përpilojë ky Këshill, por edhe përgjegjësinë që ky organ duhet të ketë ndaj Këshillit të rajonal. Ajo po ashtu





Регионалниот совет. Исто така, таа потенцираше и на важната улога на единиците на локална самоуправа во собирањето на статистичките податоци во оваа област, при што информираше и за можноста за воспоставување на Центар за општински услуги. При тоа беше појаснето дека при воспоставувањето на социјалните услуги општината треба да се води од потребите на нејзиното население, но дека е потребно на регионално ниво да бидат обезбедени речиси сите социјални услуги, што треба да се постигне со добра взаемна меѓуопштинска соработка на ниво на еден плански регион. Беше посочено дека при воспоставувањето на одредени социјални услуги, предвидено е и нивно финансирање од страна на МТСП, но по пат на објавување на јавни конкурси, како и објавување на повици за даватели на социјални услуги. Беше нагласено дека општината треба да препознае, дали има некое граѓанско здружение и дали е тоа лиценцирано и да воспостават заедничка соработка за обезбедување на одредена услуга. Присутните претставници од општините нагласија дека често се соочуваат со предизвикот да немаат соодветен давател на социјална услуга или пак, тој не се стекнал со потребната лиценца, бидејќи нема доволно финансиски средства за достигнување на бараниот стандард, воспоставен од МТСП. Беше нагласено дека ваквите предизвици не се карактеристични за секоја социјална услуга, но онаму каде што е можно, ваквата состојба треба добро да се образложи во самиот елаборат и да се нагласат причините, за да се обезбедат одредени олеснувања, барем во почетокот на воспоставувањето на услугата.

theksoi rolin e rëndësishëm të njësive të vetëqeverisjes lokale në mbledhjen e të dhënave statistikore në këtë fushë, ndërsa informoi për mundësinë e themelimit të Qendrës për shërbime komunale. U sqarua se me rastin e krijimit të shërbimeve sociale, komuna duhet të udhëhiqet nga nevojat e popullsisë së saj, por se është e nevojshme të ofrohen pothuajse të gjitha shërbimet sociale në nivel rajonal, gjë që duhet të arrihet me bashkëpunim të mirë të ndërsjellë ndërkomunal në niveli të një rajoni planifikues. U theksua se gjatë krijimit të disa shërbimeve sociale parashikohet financimi i tyre nga Ministria për arsim dhe kulturë, por përmes shpalljes së konkurseve publike, si dhe shpalljes së thirrjeve për ofrues të shërbimeve sociale. U theksua se komuna duhet të identifikojë, a ka ndonjë shoqatë civile dhe a është e licencuar e njëjta dhe të themelojnë bashkëpunim të përbashkët për sigurimin e shërbimit të caktuar. Përfaqësuesit e pranishëm nga komunat theksuan se shpesh herë ballafaqohen me sfidën të mos kenë dhënës adekuat të shërbimit social ose nuk ka marrë licencën e nevojshme, pasi që ka mjete të mjaftueshme financiare për arritjen e standardit të kërkuar, të themeluar nga MPPS. U përmend se sfidat e këtilla nuk janë karakteristike për çdo shërbim social, por aty ku është e mundur, gjendja e këtillë duhet që të arsyetohet mirë në vetë elaboratin dhe të theksohen arsyet, që të sigurojnë lehtësime të caktuara, së paku në fillim të themelimit të shërbimit.

## ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА УЧЕСТВУВАА НА „ЕУ –ЗАПАДЕН БАЛКАН: ЕКОНОМСКИ ФОРУМ ЗА ПАМЕТНИ ГРАДОВИ“ ВО ПРАГА

„ЕУ –Западен Балкан: Економски форум за паметни градови“ беше насловот на дводневниот форум што се одржа во Прага (Република Чешка) во периодот од 16 до 18 ноември, 2022 година на кој беа поканети претставници од избрани градови од земјите: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Србија и Северна Македонија. Делегацијата од нашата земја ја сочинуваа градоначалници и претставници на општинска администрација од: Град Скопје, Битола, Берово, Куманово, Струмица, Тетово и Штип.

Целта на овој економски форум е развој и имплементација на концептот на паметни градови, дигитализацијата и зелената агенда, како и запознавањето со позитивни примери, искуствата и know-how на градовите од ЕУ од неговата примена. Тоа е од особена важност за развој на општините каде директниот бенефит ќе имаат граѓаните. Форумот беше посветен на трансфер на знаења меѓу експертите на институционално и деловно ниво, со фокус на повеќе теми, поврзани со одржливиот и паметен урбан развој. Претставници од избрани општини, имаат можност, да посетат релевантни примери на технички решенија во некои градови на Чешка, меѓу кои беше и посетата на јавното претпријатие за транспорт во градот Храдец Кралове, како и посетата на фабриката за производство на автобуси со акцент на електричните автобуси

## KRYETARËT E KOMUNAVE DHE PËRFAQËSUESIT E ADMINISTRATËS KOMUNALE – MORRËN PJESË NË „BE – BALLKANI PERËNDIMOR: FORUMI EKONOMIK PËR QYTETE TË ZGJUARA” NË PRAGË

,,BE – Ballkani Perëndimor: Forumi ekonomik për qytete të zgjuara” ishte titulli i forumit dyditor që u mbajt në Pragë (Republika e Çekisë) në periudhën prej 16 deri më 18 nëntor 2022 në të cilin u ftuan përfaqësues nga qytetet e zgjedhura të vendeve: Shqipëri, Bosnjë dhe Hercegovinë, Kosovë, Mal të Zi, Serbi dhe Maqedonia e Veriut. Delegacionin e vendit tonë e përbëjnë kryetarë komunash dhe përfaqësues të administratës komunale të Qytetit të Shkupit, Manastirit, Berovës, Kumanovës, Strumicës, Tetovës dhe Shtipit.

Qëllimi i këtij forumi ekonomik është zhvillimi dhe implementimi i konceptit të qyteteve të zgjuara, digjitalizimi dhe agjenda e gjelbër, si dhe njohja me shembuj, përvoja pozitive dhe parimi know-how i qyteteve të BE-së. Kjo ka një rëndësi të veçantë për zhvillimin e komunave ku benefitin e drejtpërdrejtë do ta kenë qytetarët. Forumi iu përkushtua transferimit të njohurive ndërmjet ekspertëve në nivel institucional dhe afarist, me fokus në më shumë tema të lidhura me zhvillimin e qëndrueshëm dhe të zgjuar urban. Përfaqësues të komunave të zgjedhura kishin mundësi të vizitojnë shembuj relevantë të zgjidhjeve teknike në disa qytete të Çekisë, midis të cilëve ishte edhe vizita e ndërmarrjes publike për transport në qytetin Hradec Krallove, si dhe vizita e fabrikës për prodhim të autobusëve me theks ndaj autobusëve elektrikë dhe teknologjisë bashkëkohore. Gjithashtu, gjatë sesioneve



и современата технологија. Исто така, за време на форумските сесии се разговараше за економската соработка на Западен Балкан на полето на зелена и дигитална транзиција, беа претставени добри примери и локални стратегии за развој на паметни градови, а дел од темите беа посветени на иницијативи и проекти за поддршка на решенија за паметни градови во Западен Балкан. Излагање на овој настан, на форумската сесија „Политики на ЕУ кон Западен Балкан и финансиски алатки за имплементација на проекти за паметни градови“имаше и градоначалничката на Град Скопје и претседателка на ЗЕЛС, Данела Арасовска.

Aplikacioni i projektit „Drejt komunave energjetike" dhe „Matja e zgjuar (smart) dhe menaxhimi me energjinë në sistemin për ndriçim rrugor" të komunave të Vevçanit dhe Koçanit janë dy projekte që zgjidhen për përkrahjen teknike dhe financiare në konkursin „Zbatim i projekteve të vogla në lëminë e energjisë, transportit dhe mbrojtjes së klimës dhe komunave", të shpallur në kuadër të projektit të BE-së për tranzicion energjetik: Pakti i kryetarëve të komunave në Ballkanin Perëndimor dhe Turqi". Ky projekt është ko-financuar së bashku me Bashkimin Evropian dhe Ministrinë Federale për bashkëpunim ekonomik dhe zhvillim, ndërsa zbatohet nga ana e GIZ në Ballkanin Perëndimor dhe SRMA në Turqi. Një ndër aktivitetet kyçe të këtij projekti është edhe përkrahja e tranzicionit energjetik në Ballkanin Perëndimor dhe Turqi përmes pranimit të zmadhuar të Paktit të kryetarëve të komunave për iniciativën klimatike dhe energjetike (CoM) në rajon dhe më gjërë; përkrahja e pushteteve lokale në zbatimin e ambicieve të tyre për zvogëlimin e emisioneve të gazrave të qelqit dhe rritja e rezistencës së tyre ndaj ndikimeve të ndryshimeve klimatike.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „КОН ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ОПШТИНИ“ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

„Кон енергетски ефикасни општини“ е проектот на Општина Вевчани што е избран на конкурсот објавен во рамките на проектот на ЕУ за енергетска транзиција: Пакт на градоначалници во Западен Балкан и Турција. Општината ќе добие техничка и финансиска поддршка за негова реализација, што опфаќа поставување на фотоволтаичен систем за производство на електрична енергија за сопствени потреби (со номинална моќност од 19,80 kWp), на објектот на пречистителната станица за отпадни води во Вевчани. Како резултат на драстичното зголемување на цената на електричната енергија и неможноста на Општината да ги покрие високите трошоци, пречистителната станица моментно е ставена вон функција, па отпадните води од домаќинствата и од стопанските и угостителските објекти, непрочистени се испуштаат во Вевчанска Река. Ваквата моментна состојба претставува сериозна пречка на Општината во напорите за континуирано одржување на статусот на чиста еколошка средина и препознатлива еколошка туристичка дестинација. Намалувањето на потрошувачката на енергија, вложувањето напори за зголемување на сопствената употреба на обновливи извори на енергија и постоењето на функционален систем за третман на отпадна вода, се едни од критериумите што општината треба континуирано да ги исполнува со цел задржување на статусот на „Зелена дестинација“. Општина Вевчани со проектот за развој на одржлив туризам „Зелено Вевчани“ е избрана и стана дел од престижната листа на најдобрите топ 100 приказни за зелени дестинации за 2022 година, на натпреварот организиран од организацијата „Green Destinations“. Станува збор за организација со седиште во Холандија која работи на проценка, градење капацитети и сертификација на дестинации и бизниси посветени на одржлив туризам.

### Инсталирање на фотоволтаичен систем на пречистителната станица на отпадни води

Токму затоа, во Интегрираниот план за локален економски развој за 2019 – 2022 година, чија реализација треба да придонесе кон остварување на стратешката цел 2. Одржливо управување и грижа за животната средина и природните ресурси, искористувањето на обновливите извори на енергија и примената на енергетски ефикасни мерки се едни од главните приоритети на Општина Вевчани. Па така, во согласност со изработената техничка документација на проектот

## REALIZIMI I PROJEKTIT TË KOMUNËS SË VEVÇANIT „DREJT KOMUNAVE ME EFIKASITET ENERGJETIK”

„Drejt komunave me efikasitet energjetik” është projekti i komunës së Vevçanit që u zgjodh në konkursin e shpallur në kuadër të projektit të BE-së për tranzicion energjetik: Pakt i kryetarëve të komunave në Ballkanin Perëndimor dhe Turqi. Komuna do të merr përkrahje teknike dhe financiare për realizimin e tij, që përfshin vendosjen e sistemeve fotovoltaike për prodhimin e energjisë elektrike për nevoja personale (me forcë nominale prej 19,80 kWp), të objektit për stacion pastrimi për ujërat e zeza në Vevçani. Si rezultat i rritjes drastike të çmimit të energjisë elektrike dhe pamundësisë së komunave t'i ngrejë shpenzimet e larta, të stacionit për pastrim për momentin është jashtë funksionimit, prandaj ujërat e zeza nga amvisëritë dhe nga objektet afariste dhe hotelierike, të pa pastruara lëshohen në lumin e Vevçanit. Gjendja e këtillë momentale paraqet pengesë serioze të komunës në përpjekjet për mbajtjen e statusit të mjedisit të pastër ekologjik dhe destinacionin identifikues ekologjik turistik. Zvogëlimi i konsumit të energjisë, përpjekjet e bëra për rritjen e nevojës së burimeve përtëritëse të energjisë dhe ekzistimi i sistemit funksional për tretman të ujërave të zeza janë një ndër kriteret që komuna duhet që në vazhdimësi t'i plotësojë me qëllim të mbajtjes së statusit të „Destinacionit të gjelbër”. Komuna e Vevçanit me projektin për zhvillim të turizmit të qëndrueshëm „Vevçani i Gjelbër” është zgjedhur dhe u bë pjesë nga lista prestigjioze të më të mirëve Top 100 Tregimet për Destinacione të gjelbra për vitin 2022, në garat e organizuara Green Destinations. Bëhet fjalë për organizimin e selisë në Holandë që punon në vlerësim, ndërtim të kapaciteteve dhe certifikim të destinacioneve dhe bizneseve të dedikuara ndaj turizmit të qëndrueshëm.

### Instalimi i sistemit fotovoltaik të stacionin të pastrimit të ujërave të zeza

Pikërisht për këtë, në Planin internacional për zhvillim ekonomik lokal për vitin 2019-2022, realizimi i të cilit duhet të kontribuojë drejt realizimit të qëllimit strategjik 2. Menaxhim i qëndrueshëm dhe kujdesi për mjedis jetësor dhe resurset natyrore, shfrytëzimi i burimeve përtëritëse të energjisë dhe zbatimi i masave për efikasitet energjetik është një ndër prioritetet kryesore të komunës së Vevçanit. Në këtë mënyrë në përputhje me dokumentacionin teknik të përgatitur të





„Кон енергетски ефикасни општини", со поставувањето на фотоволтаичниот систем се очекува на годишно ниво да се произведат 24 429,00 kWh електрична енергија од обновливи извори за сопствени потреби и да се намали вкупната количина на емисии на стакленички гасови на годишно ниво од 1,92 tCO2eq. Вкупната вредност на инвестицијата за овој проект изнесува 28.154,00 евра од кои 10 % од вкупниот буџет, односно 2.815,00 евра се сопствено финансиско учество на општина Вевчани, а останатите 90 % од вкупниот буџет, односно 25.339,00 евра се обезбедени од страна на ГИЗ. Пречистителната станица за отпадни води е изградена во текот на 2020 година како дел од активностите на проектот „Подобрување на управувањето со заштитените подрачја" имплементиран од УНДП во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, а финансиран од Европската Унија, преку ИПА 2 – Секторска оперативна програма за животна средина и климатска акција 2014 – 2020 година.

**Реализирани бројни проекти за климатска акција на локално ниво**

Во таа насока, општина Вевчани во изминатиот период со финансиска поддршка на повеќе домашни и меѓународни донатори има реализирано голем број на проекти со кои значително се подобри енергетската ефикасност на јавните објекти, со што обезбеди и нови пристапи за климатска акција на локално ниво. Во објектот на детската градинка, целосно е променета старата и дотраена надворешна дрвена дограма со нова ПВЦ дограма, изработена е енергетски ефикасна термофасада, реконструирани се таваните и внатрешното осветлување, инсталиран е термосифонски систем за загревање на санитарна топла вода со сончеви колектори и поставен е фотоволтаичен систем за производство на електрична енергија со номинална моќност од 4,00 kWp. На објектот на основното училиште и спортската сала, поставени се фотоволтаични системи за производство на електрична енергија со номинална моќност од 15,00 kWp. На општинската зграда е реконструиран покривот, целосно е променета старата дрвена надворешна дограма со нова ПВЦ дограма и поставен е фотоволтаичен систем за производство на електрична енергија со номинална моќност од 15,00 kWp. Фотоволтаичен систем за производство на електрична енергија со номинала моќност од 10,00 kWp е поставен и на објектот на туристичкиот центар во Вевчани. Со реализацијата на овие активности значително се намалија трошоците за електрична и топлинска енергија во јавните објекти, односно значително придонесуваат за ублажување на ефектите од актуелната енергетска криза.

**Новица Костојчиноски,**

*Раководител на Одделението за финансиски прашања во Општина Вевчани*

projektit „Drejt komunave me efikasitet energjetik", me instalimin e sistemit fotovoltaik, pritet të prodhohen 24 429.00 kWh energji elektrike nga burime të rinovueshme për nevoja personale në baza vjetore dhe të reduktohet sasia totale e emetimeve vjetore të gazeve serrë prej 1.92 tCO2eq. Vlera totale e investimit për këtë projekt është 28,154.00 euro, prej të cilave 10% e buxhetit të përgjithshëm, gjegjësisht 2,815,00 euro, është pjesëmarrja personale financiare e komunës së Vevçanit, ndërsa pjesa e mbetur 90% e buxhetit të përgjithshëm, gjegjësisht 25,339,00 euro. ofrohet nga GIZ. Stacioni për pastrim të ujërave të zeza është ndërtuar gjatë vitit 2020 si pjesë e aktiviteteve të projektit „Përmirësimi i menaxhimit të zonave të mbrojtura" të zbatuar nga UNDP në bashkëpunim me Ministrinë për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor të financuar nga Bashkimi Evropian, përmes IPA 2 – Programi sektorik operativ për mjedis jetësor dhe aksion klimatik për 2014-2020.

**Realizim i projekteve të shumta për aksionin klimatik në nivel lokal**

Në këtë drejtim, në periudhën e kaluar, me përkrahjen financiare të disa donatorëve vendorë dhe ndërkombëtarë, komuna e Vevçanit ka realizuar një numër të madh projektesh që kanë përmirësuar dukshëm efikasitetin energjetik të objekteve publike, duke ofruar qasje të reja për aksionin klimatik në nivel lokal. Në objektin e kopshtit për fëmijë janë ndërruar tërësisht dritaret e jashtme te vjetra dhe të amortizuara, me dritare te reja PVC, është bërë fasada termoeficente, janë rikonstruktuar tavanet dhe ndriçimi i brendshëm, sistem termosifoni për ngrohjen e ujit të ngrohtë sanitar me kolektor solar. është instaluar dhe është instaluar sistemi fotovoltaik për prodhimin e energjisë elektrike me fuqi nominale 4.00 kWp. Në objektin e shkollës fillore dhe sallës sportive të vendosur janë sisteme fotovoltaike për prodhimin e energjisë elektrike me fuqi nominale prej 15,00 kWp. Në ndërtesën komunale është rikonstruar edhe çatia, tërësisht janë ndërruar dritaret e jashtë të drurit me dritare PVC dhe është vendosur sistem fotovoltaik për prodhimin e energjisë elektrike me fuqi nominale prej 15,00 kWp. Sistemi fotovoltaik për prodhimin e energjisë elektrike me fuqi nominale prej 10,00 kWp është vendosur edhe në objektin e qendrës turistike në Vevçani. Realizmi i këtyre aktiviteteve dukshëm e kanë zvogëluar shpenzimin për energji elektrike dhe energji për ngrohje në objektet publike, respektivisht kontribuojnë dukshëm për zvogëlimin e efekteve nga kriza aktuale energjetike.

**Novica Kostojçinoski,**

*Udhëheqës i seksionit për çështje financiare në komunën e Vevçanit*





## „ПАМЕТНО МЕРЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ЕНЕРГИЈАТА ВО СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ“-ПРОЕКТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ

Реконструкцијата и модернизацијата на јавното осветлување на територијата во Општина Кочани се реализирани во периодот 2015 – 2017 година, кога беа заменети сите живини светилки со нови модерни ЛЕД-светилки. Со тоа се постигнаа заштеди и до 60 % на сметките за потрошената електрична енергија за јавното осветлување. Проектот „Паметно мерење и управување на енергијата во системот за јавно осветлување“ со која општината аплицираше на конкурсот „Спроведување мали проекти во областа на енергијата, транспортот и заштита на климата во општините“ претставува чекор напред кон воспоставување на „паметно јавно осветлување“ кое би довело до поголема заштеда и поефикасно искористување на електричната енергија за оваа намена, на целата територија на општината.

Сегашните системи за управување со јавното осветлување се базираат на светлосен сензор што не е во целост ефикасен, бидејќи моментната осветленост не секогаш соодветствува на одлуката дали е ден или ноќ, а исто така, светлосниот сензор е подложен на отстапување, грешки и дефекти. Во таа насока, со проектот со кој Општината аплицираше на овој конкурс, предвидено е да се надградат постојните улични кабинети преку кои се вклучуваат група светилки со паметна и енергетска опрема, со што ќе се постигне значително подобрување на работењето на уличното осветлување. Во новите улични кабинети ќе се вгради паметен IoT (Internet of Things) контролер кој, од една страна, ќе биде поврзан со дигитално броило на електрична енергија, а од друга страна, преку клеточна безжична комуникација (5G, 4G, NBIoT, LTE-M и др.) со платформа сместена во компјутерски облак. Платформата ќе се користи за контрола, прием, складирање и анализа на енергетските параметри како напон, струја, моќност, потрошена електрична енергија, on/off циклуси и друго. На овој начин, системот за јавно осветлување ќе може да се вклучи и исклучи мануелно или автоматски со користење на вграден астрономски часовник. Начинот на вклучување со астрономски часовник е многу поточен, затоа што се базира на алгоритам кој врз основа на конкретната географска должина и широчина пресметува кога заоѓа сонцето и кога изгрева.

Пресметките покажуваат дека со овој модерен систем ќе може да се постигнат дополнителни заштеди од 10 % до 15 %. Освен тоа, со анализа на извештаите на платформата ќе може да се организира превентивно одржување, спречување на кражба на електрична енергија, може да се предвидат

## „MATJE E ZGJUAR (SMART) DHE MENAXHIM ME ENERGJI NË SISTEMIN PËR NDRIÇIM RRUGOR” – PROJEKT I KOMUNËS SË KOÇANIT

Rikonstruksioni dhe modernizimi i ndriçimit publik në territorin e komunës së Koçanit u realizua në periudhën 2015-2017, kur u ndërruan të gjitha poçet e zhivës me poçe të reja moderne LED. Me këtë u arritën kursime edhe deri më 60% të faturave për konsum të energjisë elektrike për ndriçim rrugor. Projekti „Matja e zgjuar (smart) dhe menaxhimi i energjisë në sistemin për ndriçim publik” me të cilin komuna ka aplikuar në konkursin „Zbatim i projekteve të vogla në lëminë e energjisë, transporti dhe mbrojtja e klimës në komuna” paraqet hap para drejt vendosjes së „ndriçimit të zgjuar publik” që do të çonte drejt kursimit më të madh dhe më efikas të konsumit të energjisë elektrike për këtë dedikim, në mbarë territorin e komunës.

Sistemet aktuale të menaxhimit të ndriçimit publik bazohen në një sensor drite që nuk është plotësisht efikas, sepse shkëlqimi i menjëhershëm nuk korrespondon gjithmonë me vendimin nëse është ditë apo natë dhe gjithashtu sensori i dritës është subjekt i devijimeve, gabimeve dhe keqfunksionimeve. Në atë drejtim, me projektin me të cilin komuna ka aplikuar në këtë konkurs, planifikohet përmirësimi i kabineteve ekzistuese të rrugëve përmes të cilave përfshihet një grup llambash me pajisje smart dhe energjetike, me ç'rast do të arrihet një përmirësim i dukshëm në funksionimin e ndriçimit rrugor. Një kontrollues i zgjuar IoT (Internet of Things) do të instalohet në kabinetet e reja të rrugës, i cili do të lidhet me një matës dixhital të energjisë elektrike nga njëra anë dhe nga ana tjetër përmes komunikimit celular me valë (5G, 4G, NBIoT, LTE- M, etj.) me një platformë të vendosur në një re kompjuterike. Platforma do të përdoret për kontrollin, marrjen, ruajtjen dhe analizimin e parametrave të energjisë si tensioni, rryma, fuqia, energjia elektrike e konsumuar, ciklet e ndezjes/fikjes dhe të tjera. Në këtë mënyrë, sistemi i ndriçimit publik do të mund të ndizet dhe fiket manualisht ose automatikisht duke përdorur një orë astronomike të integruar. Metoda e fillimit me një orë astronomike është shumë më e saktë, sepse bazohet në një algoritëm që llogarit kur perëndon dielli dhe kur lind dielli bazuar në gjatësinë dhe gjerësinë gjeografike specifike. Llogaritjet tregojnë se me këtë sistem modern do të mund të arrihen kursime shtesë prej 10% deri në 15%. Gjithashtu, duke analizuar raportet në platformë, do të mund të organizojmë mirëmbajtje parandaluese, të parandalojmë vjedhjen e energjisë elektrike, të parashikojmë shpenzimet e energjisë elektrike dhe të rezervojmë sasinë e duhur të energjisë nga operatori,





трошоците за електрична енергија и да се резервира соодветно количество на енергија од операторот со што ќе постигнеме подобра цена по kWh. Очекуваната годишна заштеда на целиот систем е од 75 MWh до 95 MWh (проц. 85 MWh), а со проценет животен век од 10 години, очекуваната вкупна заштеда на електрична енергија околу 850 MWh.

Употребата на најновите информациски и комуникациски технологии и нивната интеграција со електроенергетиката со цел постигнување енергетска ефикасност и заштеди, како и задоволство на граѓаните, сметаме дека е главната иновативност на овој проект. Во рамките на проектот ќе бидат набавени:

- софтвер за мониторинг, управување и контрола, како и паметна опрема - IoT уреди за 69 улични кабинети,

- енергетска опрема и материјал за постојните 69 улични кабинети и инсталација,

- виртуелен сервер за мониторинг, управување и контрола, NBIoT и LTE вмрежување.

Проектирана е вкупна вредност на проектот 55.515,00 €, од кои 49.640 € од ГИЗ, остатокот од буџетот на Општина Кочани.

**Спроведување на мерки за енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија – еден од приоритетите на општината и во изминатиот период**

Општина Кочани континуирано спроведува мерки за енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија. Зградата на општинската администрација е целосно реконструирана со енергетски ефикасни материјали (покрив, фасада, столарија), а исто така, на покривот е поставен и фотоволтаичен соларен систем со моќност од по 15 kw. Изработени се проекти за енергетски ефикасни училишта, како и поставување на фотоволтаични соларни системи за училишните згради со моќност од 40KW.

Геотермалниот потенцијал сè уште не е доволно искористен и моментално се користи за загревање на 3 училишта, судот и за производство на раноградинарски култури во агрокомплексот во општината. Во тек е изработка на студија за искористување на геотермалната енергија за загревање на објектите во лесна индустрија.

**Елена Димитровска,**
*Раководител на Секторот за планирање и развој во Општина Кочани*

gjë që do të arrijë një çmim më të mirë për kWh. Kursimet e pritshme vjetore të të gjithë sistemit janë nga 75 MWh në 95 MWh (mesatarja 85 MWh) dhe me një jetëgjatësi të vlerësuar prej 10 vitesh, kursimet totale të pritshme të energjisë elektrike janë rreth 850 MWh.

Risia kryesore e këtij projekti e konsiderojmë përdorimin e teknologjive më të fundit të informacionit dhe komunikimit dhe integrimin e tyre me industrinë e energjisë elektrike për të arritur efikasitet dhe kursim energjie si dhe kënaqësinë e qytetarëve. Në kuadër të projektit do të furnizohen:

-Softuer për monitorim, menaxhim dhe kontroll, si dhe pajisja e zgjuar - IoT pajisje teknike për 69 kabinete rrugore,

-Pajisje energjetike dhe material për 69 kabinetet ekzistuese rrugore dhe instalacion

-Server virtual për monitorim, menaxhim dhe kontroll, NBIoT и rrjetëzim LTE

Është projektuar vlerë e përgjithshme e projektit 55.515,00 €, prej të cilave 49.640 € nga GIZ, ndërsa pjesa tjetër e Buxhetit të komunës së Koçanit.

**Edhe në periudhën e kaluar, zbatimi i masave për efikasitet energjetik dhe shfrytëzim të burimeve përtëritëse të energjisë, është një ndër prioritetet e komunës**

Komuna e Koçanit në vazhdimësi zbaton masa për efikasitet energjetik dhe shfrytëzim të burimeve përtëritëse të energjisë. Ndërtesa e administratës komunale është tërësisht e rikonstruktuar me material me efikasitet energjetik (çatia, fasada, dritaret), ndërsa gjithashtu në çatinë e objektit në fjalë është vendosur edhe sistemi fotovoltaik solar me forcë prej 15 kw. Janë përpiluar projekte me efikasitet energjetik të shkollave dhe vendosja e sistemeve fotovoltaike për ndërtesat shkollore me forcë prej 40KW.

Potenciali gjeotermal nuk është shfrytëzuar mjaftueshëm dhe momentalisht shfrytëzohet për ngrohjen e 3 shkollave, gjykatës dhe për prodhimin e kulturave të hershme hortikulturore në Agro-kompleksin në komunë. Është duke u zhvilluar një studim për përdorimin e energjisë gjeotermale për ngrohjen e objekteve në industrinë e lehtë.

**Elena Dimitrovska,**
*Udhëheqës i sektorin për planifikim dhe zhvillim në Komunën e Koçanit*

## ОБУКА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Претставниците од општинската администрација, од областа на животната средина на 25 ноември, 2022 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот имаа можност да дискутираат за најновата законска регулатива што претставува солидна основа за обезбедување на услови за приклучување кон европските стандарди што водат кон развој на циркуларната економија и обезбедуваат проширена одговорност на производителите на отпад (вкупно шест закони). Посебно внимание беше посветено на Законот за управување со отпад ( Службен весник на РСМ Бр. 2016/21); на Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад и на Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на РРСМ Бр. 215/21)

## TRAJNIM PËR PËRFORCIMIN E KAPACITETEVE TË ADMINISTRATËS KOMUNALE NGA LËMIA E MJEDISIT JETËSOR

Përfaqësuesit e administratës komunale nga lëmia e mjedisit jetësor më 25 nëntor, 2022, në hapësirat e Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së patën mundësi të diskutojnë mbi Rregullativën më të re ligjore që paraqet bazë solide për sigurimin e kushteve për t'iu bashkëngjitur standardeve evropiane që çojnë drejt zhvillimit të ekonomisë cirkulare dhe sigurojnë përgjegjësi të zgjeruar të prodhuesve të mbeturinave (gjithsej gjashtë ligje). Vëmendje të veçantë i'u dedikua Ligjit për menaxhim me mbeturinat (Gazeta zyrtare e RMV nr. 2016/21); të Ligjit për zgjerim të përgjegjëseve të prodhuesit për menaxhim me rrjedhat e veçanta të mbeturinave dhe të Ligjit për menaxhim me paketimin dhe mbeturinat e paketuara (Gazeta zyrtare e RMV nr. 215/21)

Во таа насока, претставничката од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Ана Каранфилоска Мазневска, раководител на Сектор за отпад говореше за процесот на воспоставувањето на регионално управување со отпадот. Таа нагласи дека се изработени и одобрени од МЖСПП осум регионални планови за управување со отпад за кои се обезбедени стратешки оцени за влијание на животната средина во нашата земја. Потоа изработени се седум физибилити студии за инвестициски проекти и анализа на трошоци - придобивки; седум студии за оцена на влијанието врз животната средина; шест детални проекти за изградба на регионални центри за управување со отпад (т.е. регионални депонии, со потребна инфраструктура за преработка на отпадот и претоварни станици) и шест студии за затворање на сите нестандардни депонии во шест региони. По обезбедувањето на потребната документација обезбедени се и средства за имплементирање на проектите (ИПА фондовите и други достапни меѓународни фондови, кредитни линии ( ЕБОР, Светска Банка)).

**Воспоставување на регионален систем за управување со отпад**

Со Законот за Управување со отпад утврдено е дека советите на општините од соодветниот регион за управување со отпад донесуваат одлука за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво. Регионалниот систем се состои од централен објект за управување со отпад (регионална депонија за отпад), претоварни станици и други објекти и инсталации за управување со отпад. Беше нагласено дека спогодбите за воспоставување на регионален систем донесени пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат. Од особена важност за спроведување на регионалното управување, спроведувањето на регионалниот план и реализацијата на спогодбата е формирањето на Меѓуопштински одбор за управување со отпад. Членови на одборот се градоначалниците на општините кои припаѓаат во регионот или други лица овластени од нив. Во рамките на Центарот за развој на секој плански регион во кој е склучена спогодба, се формира Организациона единица за регионално управување со отпад. Беше нагласено дека се уште не е донесена нова методологијата за формирање на цена за услугите за отпад.

**Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад**

Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад е објавен во Службен Весник на РСМ. Бр.215 од 16 септември, 2021 година. Во овој Закон посебно внимание е посветено на правни лица кои вршат дејности или активности со кои се врши пласирање на производи на пазарот со чија употреба се создава отпад кој припаѓа на посебните текови на отпад (батерии и акумулатори, пакување, електрична и електронска опрема, гуми, масла, текстил и возила). Исто таа во него се поставени основите за формирање, начинот на работа и обврските на колективните и на самостојните постапувачи. Од особена важност е обврската за постапувачите со отпад, да потрошат најмалку 65% од утврдениот надоместокот и да ги потроши за инвестирање во инфраструктура, за собирање, транспорт, преработка,

Në këtë drejtim, përfaqësuesja e Ministrisë për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor (MMJPG), Ana Karanfiloska Maznevska, udhëheqëse e Sektorit për mbeturina, foli për procesin e themelimit të menaxhimit rajonal të mbeturinave. Ajo theksoi se janë hartuar dhe miratuar nga MMJPH tetë plane rajonale për menaxhimin e mbeturinave, për të cilat janë dhënë vlerësime strategjike të ndikimit në mjedis në vendin tonë. Më pas u bënë shtatë studime fizibiliteti për projekte investimi dhe analiza kosto-përfitim; shtatë studime të vlerësimit të ndikimit në mjedis; gjashtë projekte të detajuara për ndërtimin e qendrave rajonale të menaxhimit të mbetjeve (p.sh. deponitë rajonale, me infrastrukturën e nevojshme për stacionet e përpunimit dhe transferimit të mbetjeve) dhe gjashtë studime për mbylljen e të gjitha deponive jo standarde në gjashtë rajone. Pas sigurimit të dokumentacionit të nevojshëm, janë siguruar edhe mjete për realizimin e projekteve (fondet IPA dhe fonde të tjera ndërkombëtare në dispozicion, linja kreditore (BERZH, Banka Botërore).

**Themelimi i sistemit rajonal për menaxhim me mbeturinat**

Me Ligjin për menaxhim me mbeturinat është përcaktuar se këshillat e komunave nga rajoni adekuat për menaxhim me mbeturinat miratojnë vendim për lodhjen e marrëveshjesh për shoqërim për themelimin e sistemit për menaxhim me mbeturinat në nivel rajonal. Sistemi rajonal përbëhet nga objekti qendror për menaxhim me mbeturinat (deponi rajonale për mbeturina), stacione të stër-ngarkuara dhe objekte tjera dhe instalime për menaxhim me mbeturinat. U theksua se marrëveshjet për themelimin e sistemit rajonal të miratuara para hyrjes në fuqi të këtij ligji vazhdojnë të vlejnë. Rëndësi të veçantë për zbatimin e menaxhimit rajonal, zbatimin e planit rajonal dhe realizimin e marrëveshjes është themelimi i Bordit Ndërkomunal për menaxhimin e mbeturinave. Anëtarë të bordit janë kryetarët e komunave që i përkasin qarkut ose persona të tjerë të autorizuar prej tyre. Në kuadër të Qendrës për Zhvillim të secilit rajon planor në të cilin është lidhur marrëveshje, themelohet Njësia Organizative për menaxhimin rajonal të mbeturinave. U theksua se ende nuk është miratuar metodologjia e re për përcaktimin e çmimit për shërbimet e mbeturinave.

**Ligji për përgjegjësi të zgjeruar të prodhuesve për menaxhim me rrjedhat e veçanta të mbeturinave**

Ligji për përgjegjësi të zgjeruar të prodhuesit për menaxhim me rrjedhat e veçanta të mbeturinave është shpallur në Gazetën Zyrtare të RMV nr. 215 prej 16 shtator 2021. Në këtë Ligj vëmendje e veçantë i'u përkushtua personave juridikë të cilët kryejnë veprimtari ose aktivitete me të cilat ekzekutohet plasimi i prodhimeve të tregut me nevojën e së cilës krijohet mbeturinë që i përket rrjedhave të veçanta të mbeturinave (bateri dhe akumulatorë, paketim, pajisje elektrike dhe elektronike, goma, vajra, tekstil dhe automjete). Gjithashtu në të janë vendosur themelet e formimit, mënyrën e punës dhe detyrimet e vepruesve kolektivë dhe të pavarur. Me rëndësi të veçantë është detyrimi që përpunuesit e mbetjeve të shpenzojnë të paktën 65% të kompensimit të përcaktuar dhe ta shpenzojnë atë për investime në infrastrukturë, për grumbullimin, transportin, përpunimin, riciklimin dhe asgjësimin e produkteve të mbeturinave dhe/





рециклирање и отстранување на отпадни производи и/или посебен тек на отпад со кој управува. И колективниот и самостојниот постапувач имаат обврска за подигање на јавната свест за управување со посебните текови на отпад, при што може да се потрошат до 10% од вкупно остварениот приход или износ од надоместокот што би се платил, а активностите за информирање и подигнување на јавната свест не смеат да се употребуваат како реклами за колективниот и самостојниот постапувач.

### Обврски за градоначалникот

Градоначалникот е должен да склучи договор со колективните односно самостојните постапувачи за воспоставување на собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање и селектирање на посебни текови на отпад. Градоначалникот на единицата на локална самоуправа е одговорен и должен да преземе мерки со цел исполнување на националните цели, сразмерно на уделот на количината и видот на отпад што се создава од подрачјето на општината. Исто така тој е должен да склучи договор со регистрираните колективни, односно самостојни постапувачи за воспоставување на собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање и селектирање на посебни текови на отпад и договорот да го направи достапен до јавноста преку објавување на веб страницата на општината. Најдоцна до 31 март во тековната година, градоначалникот е должен до стручниот орган да достави извештај за тоа колку се постигнати целите утврдени во договорот Во спротивно предвидени се мошне високи прекршочни санкции со висина и до 5.000 евра.

Посебно внимание беше посветено и на Закон за управување со пакување и отпад од пакување, каде меѓу другото беше нагласено дека со стапување во сила на овој Закон потрошувачката на пластични кеси во нашата земја е намалена за 87%.

ose një rrjedhë të veçantë mbeturinash të menaxhuara me të cilin menaxhon. Si vepruesi kolektiv ashtu edhe vepruesi i pavarur kanë obligimin të ndërgjegjësojnë publikun për menaxhimin e rrjedhave të posaçme të mbeturinave, ku mund të shpenzohen deri në 10% e të ardhurave totale të realizuara ose shumës së kompensimit që do të paguhej, si dhe aktivitetet për informim dhe ndërgjegjësimi i publikut nuk guxojnë të përdoren si reklama për vepruesin kolektiv dhe vepruesin e pavarur.

### Obligimet e kryetarit të komunës

Kryetari i bashkisë është i detyruar të lidhë një marrëveshje me operatorët kolektivë ose të pavarur për ngritjen e qendrave grumbulluese dhe infrastrukturës tjetër për grumbullimin dhe përzgjedhjen e ndarë të rrymave të veçanta të mbetjeve. Kryetari i njësisë së vetëqeverisjes lokale është përgjegjës dhe i detyruar të marrë masa për përmbushjen e synimeve nacionale, në raport me pjesën e sasisë dhe llojit të mbeturinave që krijohen nga territori i komunave. Ai është gjithashtu i detyruar të lidhë një marrëveshje me kolektivin e regjistruar, gjegjësisht veprues të pavarur për ngritjen e qendrave grumbulluese dhe infrastrukturës tjetër për grumbullimin dhe përzgjedhjen e veçantë të rrymave të veçanta të mbetjeve dhe ta vërë në dispozicion të publikut marrëveshjen duke e publikuar në faqen e internetit të komunës. Më së voni deri më 31 mars gjatë vitit, kryetari i komunës është i obliguar që në organin profesional të parashtrojë raport për atë sa janë arritur qëllimet e përcaktuara në marrëveshje. Kundrejt kësaj, janë parashikuar sanksione tejet të larta në lartësi edhe deri më 5.000 euro.

Vëmendje e veçantë i'u dedikua edhe Ligjit për menaxhim me paketim dhe mbeturina të paketuara, ku mes tjerash u theksua se me hyrjen në fuqi të këtij Ligji, konsumi i qeseve të plastikës në vendin tonë është zvogëluar për 87%.






ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk